Twelfth International Scientific Conference
SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD
Faculty of Law, Goce Delcev - Stip

UDK: 342.738.037:340.13(497.7)
342.738.037:347.96/.99(497.7)

# PROTECTION OF THE RIGHT TO PRIVACY AND PERSONAL DATA IN JUDICIAL AND PROSECUTORIAL PRACTICE IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Irena BOJADZIEVSKA**
Associate professor, University American college Skopje,
irena.bojadzievska@uacs.edu.mk

**Abstract:**
This paper explores the legal and procedural mechanisms for protecting the right to privacy and personal data within judicial proceedings in North Macedonia. It examines the constitutional foundations and legislative framework governing data protection, with particular emphasis on the Law on Personal Data Protection and its alignment with European standards. Through analysis of case law and practical challenges, the paper highlights the tension between transparency in court processes and the safeguarding of sensitive personal information. It also addresses the role of judges, court staff, and legal practitioners in ensuring compliance with privacy obligations, and proposes recommendations for strengthening institutional practices and public awareness. The paper contributes to the broader discourse on balancing fundamental rights in the administration of justice.

***Keywords:*** *privacy, personal data, judiciary, protection, regulation*

# ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ И ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО СУДСКО-ОБВИНИТЕЛСКАТА ПРАКСА ВО РСМ

**Ирена БОЈАЏИЕВСКА**
Вонреден професор, Универзитет Американ Колеџ, Скопје
irena.bojadzievska@uacs.edu.mk

**Апстракт:**
Овој труд ги истражува правните и процесните механизми за заштита на правото на приватност и личните податоци во рамките на судските постапки во Република Северна Македонија. Се анализираат уставните основи и законската регулатива, со посебен акцент на Законот за заштита на личните податоци и неговата усогласеност со европските стандарди. Преку анализа на судска пракса и практични предизвици, трудот ја истакнува тензијата меѓу транспарентноста на судските процеси и заштитата на чувствителни информации. Дополнително, се разгледува улогата на судиите, судскиот персонал и правните практичари во обезбедувањето усогласеност со обврските за приватност, и се предлагаат препораки за зајакнување на институционалните практики и јавната свест. Истражувањето придонесува кон пошироката дискусија за балансирање на фундаменталните права во спроведувањето на правдата.

***Клучни зборови:*** *приватност, лични податоци, судство, заштита, регулатива*

## Гаранција на правото на приватност и заштитата на личните податоци

Општо земено, приватноста е правото да се биде оставен на мира, или слобода од мешање или упад. Приватноста на информациите е правото да имаме одредена контрола врз тоа како се собираат и користат нашите лични податоци. Имајќи предвид дека станува збор за лични права и поединецот има потреба да се чувствува заштитен, во рамките на едно општество приватноста мора да биде загарантирана. Таквата гаранција се состои од тоа дека доверливоста и пристапот до одредени информации за некој субјект се заштитени. Таа заштита се однесува на неприкосновеност или недозволеност на мешање во приватниот живот или работите на поединецот кога тоа мешање е резултат на несоодветно или незаконско собирање и користење на податоци за тој поединец.

Приватност на податоците[1] пак, е критичен аспект кој ги штити податоците на поединците од неовластен пристап, употреба, откривање, менување или уништување. Тоа вклучува почитување на правото на поединците да ги контролираат нивните лични информации и гаранција дека организациите одговорно и етички се однесуваат со податоците. Приватноста на податоците на едно лице се темели на принципот дека тоа лице треба да има контрола врз своите лични податоци, вклучително и можноста да одлучува како организациите ги собираат, складираат и користат нивните податоци. Личните податоци може да вклучуваат што било, од имиња, адреси и детали за контакт до почувствителни информации како финансиска евиденција, медицинска историја и онлајн активности.

[1] Види повеќе кај: Solix. (n.d.). *Data privacy*. https://www.solix.com/mk/kb/data-privacy/

# ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ И ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО СУДСКО-ОБВИНИТЕЛСКАТА ПРАКСА ВО РСМ

## 1.Општа правна рамка

Во РСМ националната правна и институционална рамка со која се гарантира заштитата на приватноста и заштитата личните податоци како основна вредност, е воспоставена со Законот за заштита на личните податоци[2], донесен на 16.02.2020, влегува на сила на 24.02.2020 а веќе наредната година ја има првата измена[3] што содржи поситни технички измени и дополнувања. Законот ја транспонира Регулативата (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на овие податоци (CELEX број 32016R0679; Трпевска & Бојаџиевска). Покрај основниот Закон, еднаквоста (чл.9), сигурноста и тајноста на личните податоци (чл.18), заштитата од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето и обработката на информации за граѓаните (чл.18) и правото на приватност (чл.25) се загарантирани и со Уставот на РСМ[4].

Од останатите меѓународни инструменти на Советот на Европа би ги издвоиле Европската конвенција за заштита на човековите права (ЕКЧП, 1950) и Конвенцијата за заштита на поединци во врска со автоматската обработка на личните податоци (Конвенција 108+, 1981) и нејзините протоколи (Трпевска & Бојаџиевска), чија потписничка е Република Северна Македонија, како и со правната рамка на Европската Унија – Повелбата за основните права во ЕУ (Европска Унија, 2012) и споменатата регулатива за обработка на личните податоци, со која Европскиот Парламент, Советот на Европската Унија и Европската Комисија имаат за цел да ја засилат и унифицираат заштитата на податоците на сите физички лица во ЕУ како и извозот на личните податоци надвор од ЕУ.

Покрај општата правната рамка за заштита на личните, постојат голем број закони кои посебно ја уредуваат приватноста и заштитата на личните податоци, како што се Законот за електронските комуникации, Законот за следење на комуникациите, Законот за здравствена заштита, Законот за правата на пациентите, Законот за централен регистар на население, Законот за социјална заштита, Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам и др.

## 2. Заштита на приватноста во судско-обвинителската пракса во РСМ

Се додека не сме како поединци лично засегнати од нарушување на нашиот приватен простор онлајн или офлајн или откривање на нашите податоци во контекст во кој не сакаме или не сме се согласиле да ги дадеме, не ни замислуваме како изгледа ваквата повреда на приватноста, односно како и за други појави, не можеме да разбереме ако му се случуваат на некој друг. Но оној момент кога лично ние сме во улога на жртва или засегната страна, веднаш бараме заштита од институциите и правосудните органи (Трпевска & Бојаџиевска). Правосудниот систем, кој се грижи за доследна примена на законската рамка и почитување на правата на физичките и правни лица, мора да е исто спремен да одговори на предизвиците на модерното време. Главната улога во правосудниот систем ја имаат судиите и јавните обвинители кои постапуваат во предмети каде како основно правно прашање се појавува злоупотребата/повредата на приватноста и личните податоци, со посебен фокус на пријави по повреди сторени во онлајн просторот. Нивната стручна подготвеност и доброто познавање на релевантната законска и институционална рамка е од особено значење за постапување во ваков

[2] Закон за заштита на личните податоци. (2020). *Службен весник на РСМ*, бр. 42/2020 од 16.02.2020.
[3] Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци. (2021). *Службен весник на РСМ*, бр. 294/2021 од 27.12.2021.
[4] Устав на Република Македонија. (1991–2019). *Службен весник на РСМ*, бр. 52/1991; 1/1992; 31/1998; 91/2001; 84/2003; 107/2005; 3/2009; 13/2009; 49/2011; 6/2019.

вид на предмети. Она што секако не треба да се исклучи е почитување на личните податоци и приватноста на сите вклучени страни во постапката и во текот на постапувањето по истите предмети пред судовите и јавните обвинителства (објавување на пресуди, анонимизирање на пресудите, соопштенија за предмети објавени на веб страните на институциите итн.).

Секој граѓанин на РСМ како субјект на лични податоци има право на ефективна судска заштита кога смета дека му се повредени правата како резултат на обработката на неговите лични податоци спротивно на Законот за заштита на личните податоци (ЗЗЛП). Исто така, секое лице има право на ефективна судска заштита против правно обврзувачката одлука на Агенцијата за заштита на личните податоци која се однесува на него, притоа не доведувајќи ги во прашање кои било други управни или вон судски средства за правна заштита. Агенцијата има овластување да ги известува судовите за повредите на одредбите од овој закон, (чл.66 ст.5 од ЗЗЛП) како и според потребите да започне или на друг начин да учествува во судски постапки, со цел спроведување на одредбите од овој закон (Трпевска & Бојаџиевска).

Субјектот на лични податоци своето право го остварува со поднесување на тужба до надлежниот суд согласно со закон.

Како и за сите понови области, така и за заштитата на приватноста и заштитата на личните податоци која константно се одликува како "понова" област најмногу заради новите предизвици кои ги носи интернет просторот, пребарувачите во интернет просторот, алатките за вкрстување податоци кои лесно доведуваат до откривање лични податоци и секако најновите предизвици на вештачката интелигенција, ќе ја остават оваа тема уште долго време како актуелна и потребна за едукација и континуирани обуки на судиите и обвинителите за оваа област.

Еден од најсигурните механизми за справување со предизвиците во оваа област е следењето на судската пракса на Европскиот суд на Правдата (ECJ) на Европската Унија и Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) на Советот на Европа. Откако стапи на сила новата Регулатива (тогаш Директива) за заштита на линиите податци во ЕУ, во краток временски интервал од 2014 до 2015 Судот на правдата на Европската Унија донесе десет одлуки со кои се обезбедува авторитативно толкување на законодавството на ЕУ во областа на обработката на лични податоци. Во исто време, донесе и неколку други пресуди, со кои се разјаснува односот помеѓу обработката на податоци и другите законски процедури. Како судска пракса со која се креираа темелите во оваа област се издвојуваат следните случаи:

- Европскиот суд на правдата со пресудата во случајот Cases C-293/12 and C-594/12[5] од 8 април 2014 година, во целост ја поништи Директивата на ЕУ за задржување на податоци (data retention) 2006/24/EC поради непропорционално кршење на правата за приватност и заштита на податоците. Директивата беше поништена и престана да важи низ цела ЕУ. Тоа беше прв пат Судот на правдата на ЕУ да поништи цела директива на ЕУ поради кршење на основните права на приватност и заштита на податоците.
- Уште една значајна пресуда на Судот на правдата на ЕУ во случајот Google Spain SL, Google Inc. v. AEPD and Mario Costeja González (Case C-131/12) што го воведе правилото што е популарно познато како „Право да се биде заборавен" и подоцна беше преточено во правото на ЕУ. Од тука произлегува законската обврска за бришење на податоците после определениот рок[6].
- Судовите се тие кои со своите одлуки ги исцртуваат и границите до каде се личните податоци и правата кои произлегуваат од нив. Еден од тие случаи е Y.S. v. Minister voor Immigratie, Integratie en Asiel, Joined Cases C-141/12 and C-372/12 (Netherlands) од 17 Јули 2014. Случаите се однесуваа на државјани на трети земји кои аплицирале за дозволи за престој во Холандија. Судот одлучил дека личните податоци содржани во тие белешки (како

[5] Види повеќе: Court of Justice of the European Union. (2014). *Digital Rights Ireland Ltd v. Minister for Communications, Marine and Natural Resources (Cases C-293/12 and C-594/12).* https://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?num=c-293/12

[6] Види повеќе: Court of Justice of the European Union. (2014). *Google Spain SL, Google Inc. v. AEPD and Mario Costeja González (Case C-131/12).*

што се името на подносителот на барањето, националноста, статусот на престој итн.) се лични податоци. Апликантите имаат право на пристап до тие податоци. Но, самата правна анализа (проценката, образложението или правните мислења на службеното лице) не се лични податоци. Апликантите немаат право на пристап до внатрешното правно образложение. Директивата 95/46/ЕЗ дава право на пристап до самите податоци, но не и до документите или копиите во кои тие се содржани[7].

- Судовите со одлуките наметнаа правила за размена на податоците помеѓу јавните институции. Таков е случајот C-201/14, Bara v. Preşedintele Casei Naţionale de Asigurări de Sănătate[8] од 1-ви октомври 20215 година. Неколку романски граѓани биле самовработени работници. Нивните лични податоци (имиња, национални идентификациски броеви, адреси и детали за приходите) биле префрлени од романската даночна управа до Националниот фонд за здравствено осигурување. Ова е направено без да се информираат лицата. Како резултат на тоа, тие добиле известувања дека должат придонеси во системот за здравствено осигурување. Тие го оспориле ова пред романските судови, тврдејќи дека преносот ја прекршува Директивата за заштита на податоци. Во својата пресуда судот даде одговор на прашањето „Можат ли јавните органи да разменуваат лични податоци на граѓаните меѓу себе без да ги информираат субјектите на податоците?“. Судот одлучи дека преносот на лични податоци од даночниот орган до фондот за здравствено осигурување претставува обработка на лични податоци согласно Директивата 95/46/ЕЗ. Таквата обработка бара субјектите на податоцита да бидат однапред информирани за преносот и неговите цели. Бидејќи субјектите не биле известени, преносот на податоци беше оценет како незаконски[9].

- Најголем предизвик се случаите каде Судот треба да балансира помеѓу привтаноста и некое друго право. Таков е на пример случајот Case C-580/13— Coty Germany GmbH v. Stadtsparkasse Magdeburg[10] од 16 Јули 2015 година. Според член 8(3)(е) од Директивата за спроведување 2004/48/ЕС (Директива за спроведување на правата на интелектуална сопственост), може ли банка да одбие да даде информации за сопственикот на сметката врз основа на националните правила што ја штитат банкарската тајна? Засегнато е правото на интелектуална сопственост (член 17(2) од Повелбата за основните права) и правото на заштита на личните податоци/приватноста (членови 7 и 8 од Повелбата)? Судот одлучи дека националните правила што им дозволуваат на банките систематски да одбијат откривање на информации за имателите на сметки не се компатибилни со правото на ЕУ. Иако банкарската тајност и заштитата на податоците се важни, тие не можат автоматски да го надвладеат правото на имателите на интелектуална сопственост да добијат информации потребни за спроведување на нивните права. Судовите мора да воспоставаат фер рамнотежа помеѓу основните права што се засегнати. Затоа, од банките може да се бара да откриваат лични податоци на имателите на сметки во специфични случаи на спроведување на правата од интелектуална сопственост. Судот оцени дека откривањето на личните податоци мора да биде Сепак, откривањето сепак мора да биде: пропорционално, ограничено на она што е неопходно, и да подлежи на судска ревизија. Овој случај беше битен бидејќи со него беше зајакнат принципот дека основните права мора да бидат избалансирани, а не да се третираат како апсолутни.

Од јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права се издвојуваат неколку постулати:

---

[7] Види повеќе: Court of Justice of the European Union. (2014). *Y.S. v. Minister voor Immigratie, Integratie en Asiel (Joined Cases C-141/12 and C-372/12).*

[8] Види повеќе: EUR-Lex, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A62014CA0201

[9] Види повеќе: Court of Justice of the European Union. (2015). *Bara v. Președintele Casei Naționale de Asigurări de Sănătate (Case C-201/14).* https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A62014CA0201

[10] Види повеќе: Court of Justice of the European Union. (2015). *Coty Germany GmbH v. Stadtsparkasse Magdeburg (Case C-580/13).* https://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?num=C-580/13

- Во случајот Malone v. United Kingdom[11] (1984) Британската полиција го прислушкувала телефонот на Малоун без јасни законски правила. Судот одлучил дека направена е повреда на член 8 од Европската конвенција за човекови права. Мешањето во приватноста на комуникациите бара правна основа што е достапна и предвидлива. Оваа пресуда е камен – темелник на тоа дека тајното прислушување мора да се заснова на јасен закон, а не на нејасни извршни овластувања. Од корист на судиите во пракса е и тестот кој го утврдува оваа пресуда односно 1. Услов на законитост - процесирањето на податоците мора да е законито, 2. Транспарентност и предвидливост - Луѓето мора да знаат, барем во принцип, кога нивните податоци (во овој случај: телефонски повици, метаподатоци за комуникација) може да бидат собрани, 3. Пропорционалност и заштитни мерки - Недостатокот на заштитни мерки против злоупотреба беше клучен за утврдување на прекршок. Денес во ЕУ врз база на ова се бараат заштитни мерки како што се ограничувања на складирањето, надзор и право на оспорување на незаконска обработка на податоците и 4. Податоците за комуникации со оваа пресуда се третираат како „лични податоци". Судот ги третираше и содржината на повиците и метаподатоците (бирани броеви, времетраење итн.) како дел од приватниот живот.
- Во случајот Peck v. United Kingdom [12](2003) - Г-дин Пек беше фатен од CCTV камери во Брентвуд (Велика Британија) како се обидува да изврши самоубиство со нож на јавна улица ноќе. Локалните власти подоцна објавија фотографии и видео снимки во медиумите како дел од кампањата за прикажување на ефикасноста на CCTV во спречувањето на криминалот. Снимката брзо се рашири, била емитувана на телевизија, а идентитетот на г-дин Пек стана познат во неговата заедница. Тужел за нарушување на приватноста. Судот одлучил дека има прекршување на Член 8 - дури и на јавни места, податоците што откриваат приватен живот мора да бидат заштитени. Со оваа пресуда беа втемелени: 1. Заштитата на приватноста се однесува и на јави места, 2. Снимките или сликите на лица од кои можат да се идентификуваат лицата се лични податоци, дури и ако се направени јавно, 3. Ограничување на целта и пропорционалност – иако снимката е со цел за спречување на криминал, нејзиното објавување е користено за публицитет шт оизлегува надвор од првичната цел, а податоците собрани за една цел не можат да се користат повторно за друга некомпатибилна цел, и 4. Посебна заштита за чувствителни податоци – менталното здравје на тужителот е сензитивен подток и врз основа на оваа пресуда денес има посебна категорија наречени „чувствителни податоци" во кој спаѓа и здравјето.

Пристапот до преведени и тематски структурирани пресуди би ја олеснило воедначената пракса на националните судови. Истовремено, и домашната судска пракса треба да се следи заради еднаквата примена на законите од страна на сите домашни судови. Судовите со примена односно толкување на законот се оние кои ја исцртуваат границата поеѓу дозволеното и недозволеното. Судиите често пати мериторно мораат да одмерат и одлучат до кој степен ќе ја овозможат заштитата на личните податоци vis-a-vis други права.

Јавното обвинителство пак, во духот на почитување на ЗЗЛП, целосно го инкорпорира правото на заштита на личните податоци. Јавните обвинителства во Република Северна Македонија – Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, вишите јавни обвинителства и основните јавни обвинителства, согласно својот делокруг на работење, а со цел остварувањето на функцијата на гонење на сторителите на кривични дела и прекршоци, вршат собирање, чување и обработка на лични податоци. Заради кривично-правна обработка при постапувањето во конкретни предмети, јавните обвинителства ги обработуваат сите податоци неопходни за потребите на кривично-правната постапка. Обработката на лични податоци се врши во хартиена форма и електронски, а по потреба, согласно закон, се врши и размена на лични податоци со други институции (во функција на кривично-правна обработка и за реализација на договорни обврски), (Трпевска & Бојаџиевска).

---

[11] Види повеќе: European Court of Human Rights. (1984). *Malone v. United Kingdom*. https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22itemid%22:[%22001-57533%22]}

[12] Види повеќе: European Court of Human Rights. (2003). *Peck v. United Kingdom* (Application no. 44647/98). https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-5860%22]}

Заштитата на личните податоци има специфични карактеристики во зависност од природата на засегнатите функции. Кога дејствуваат во своето правосудно својство, судовите и обвинителствата подлежат на посебни барања кои произлегуваат од самата природа на тие функции и од потребата да се почитуваат принципите на независност и отвореност. Кога дејствуваат во своето правосудно својство, судовите и обвинителствата собираат и обработуваат лични податоци со цел да се обезбеди правилно водење на судските постапки и да се осигура дека процедуралните документи им се доставуваат на странките во постапката. Оваа обработка е исто така наменета да овозможи релевантни информации за судските постапки, без разлика дали се во тек или затворени, да се шират, во согласност со принципот на отворени судови. Но, правосудните органи се наоѓаат и во ситуации кога е неопходно да обработуваат лични податоци кога постапува вон своето судско или обвинителско својство. Од тие причини неопходно е судовите и обвинителствата да имаат свои правила за заштита на личните податоци кога се во улога на контролори (Трпевска & Бојаџиевска). Еден од најголемите предизвици кои остануваат кај нас, особено за надлежностите на обвинителството е уредување на јасни правила за третманот на личните податоци од доказите и материјалите кои се собираат во истражна постапка. Тука влегува и до каде завршуваат надлежностите на една институција (онаа која ги поседува податоците) а каде започнуваат надлежностите на друга институција (онаа кој аги обработува податоците), во овој случај обвинителството. Овие прашања се уредени со Директивата за спроведување на законот Directive (EU) 2016/680) која гарантира дека иако полицијата и органите на прогонот можат да обработуваат лични податоци за цели на безбедноста и правдата, тие сепак мора да ги почитуваат основните права, пропорционалноста и одговорноста - премостувајќи го јазот помеѓу заштитата на приватноста и потребите на јавната безбедност. За жал, оваа директива не е транспонирана во законодавството на Македонија и остава отворени прашања и несигурности поврзани со приватноста и заштитата на личните податоци.

3. Заклучоци

- правото на приватност и заштитата на личните податоци постојано се менува и развива особено во делот на онлајн просторот

- товарот на ефективната заштита секогаш завршува кај правосудните органи

4. Препораки

- за содвтена заштита на правото на приватност неопходно е коснтанно да се инветсра во континуирана обука и едукација на судиите и обвинителите

- покрај меѓународната соработка да се овозможи брз и лесен за употреба пристап преглед до релевантни пресуди на ECJ и ЕСЧП

- за воедначеност на праксата да се користат домашните судски пресуди како пример

- да се подложи со унапредување на законската рамка во Република Македонија во областа на заштитата на приватноста и личните податоци.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**

Council of Europe. (1950). European Convention on Human Rights. https://www.coe.int/en/web/human-rights-convention Council of Europe. (1981).

Convention for the Protection of Individuals with regard to Automatic Processing of Personal Data (CETS No. 108). https://www.coe.int/en/web/data-protection/convention108-and-protocol

European Court of Human Rights. (2003). Peck v. United Kingdom (Application no. 44647/98). https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-5860%22]}

European Parliament and Council. (2016). Regulation (EU) 2016/679 (General Data Protection Regulation). https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX%3A32016R0679

European Union. (2012). EU Charter of Fundamental Rights. https://commission.europa.eu/aid-development-cooperation-fundamental-rights/your-rights-eu/eu-charter-fundamental-rights_en

Solix. (n.d.). Data privacy. https://www.solix.com/mk/kb/data-privacy/

Трпевска, М. Е., & Бојаџиевска, И. (2023). Заштита на приватноста во судско-обвинителската пракса во РСМ. Центар за правни истражувања и анализи. https://cpia.mk/

Устав на Република Македонија. (1991–2019). Службен весник на РСМ, бр. 52/1991; 1/1992; 31/1998; 91/2001; 84/2003; 107/2005; 3/2009; 13/2009; 49/2011; 6/2019.

Закон за заштита на личните податоци. (2020). Службен весник на РСМ, бр. 42/2020 од 16.02.2020. Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци. (2021). Службен весник на РСМ, бр. 294/2021 од 27.12.2021.